**СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**
**Бр.09-1309/1 од 22.02.2024 година**
С К О П Ј Е

**ДО**
**ЧЛЕНОВИТЕ НА СОВЕТОТ**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**

Врз основа на член 58 став (1) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), донесувам

**Р Е Ш Е Н И Е**

Ја свикувам **Четириесеттата** седница на Советот на Општина Гази Баба, за **29.02.2024 година (четврток) со почеток во 11 часот**.

За работата на седницата го предлагам следниот:

**Д Н Е В Е Н   Р Е Д**

1. Предлог - Заклучок за констатирање престанок на мандат на член на Советот на Општина Гази Баба;
2. Предлог - Одлука за изменување на Одлуката за именување на претставник од стручниот совет во управниот одбор на ЈУДГ "Детска радост" - Општина Гази Баба - Скопје;
3. Предлог - Одлука за давање согласност на Одлуката за расходување и оттуѓување на стари и неупотребливи ствари;
4. Предлог - Одлука за давање согласност на Одлуката за усвојување на тримесечниот финансиски извештај за работа и резултатите од работењето на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје, за четвртото тримесечје од 2023 година;
5. Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот на АД "Водостопанство на Република Северна Македонија" - Подружница "Скопско Поле" - Скопје, за спроведените активности околу чистењето на каналската мрежа за одводнување во Општина Гази Баба за 2023 година;
6. Предлог - Одлука за преземање на обврските за плаќање надоместок за одводнување, на индивидуалните физички лица - корисници за 2024 година;
7. Предлог - Одлука за изменување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Гази Баба за 2024 година;
8. Предлог - Програма за изменување на Програмата за урбано планирање "Ф" на Општина Гази Баба за 2024 година;
9. Предлог - Одлука за изменување на Одлуката за започнување на постапка за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство, за давање на услуги на јавно осветлување кое се остварува како договор за јавна набавка на услуга;

10. Предлог - Одлука за ослободување од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште, за изградба на детска градинка во населено место Трубарево, на КП 171/5 КО Трубарево (дел од поранешна КП 171/2 КО Трубарево);
11. Предлог - Одлука за ослободување од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште, за изградба на детска градинка во населено место Инџиково, на дел од КП 396/1 КО Инџиково;
12. Предлог - Одлука за ослободување од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште, за изградба на нова училишна зграда на ООУ "Крсте Мисирков", Општина Гази Баба - Скопје; на КП 2117/1 КО Сингелиќ 1;
13. Предлог - Одлука за ослободување од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште, за изградба на училишна спортска сала (училишна фискултурна сала без гледалиште), на КП 2269 КО Црешево (ПУ "Наум Охридски", населено место Црешево, дел од ООУ "Наум Охридски" - Булачани, Општина Гази Баба - Скопје);
14. Предлог - Одлука за примање на донација од финансиско друштво "Иуте Кредит Македонија" ДООЕЛ Скопје;
15. Предлог - Одлука за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Гази Баба и Општина Петровец; и
16. Предлог - Одлука за донесување на Програма за изградба на типска училишна спортска сала на КП 2269 КО Црешево (ПУ "Наум Охридски", населено место Црешево, дел од ООУ "Наум Охридски" - Булачани, Општина Гази Баба - Скопје), Општина Гази Баба.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Дијана Илиевска, с.р.**